# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**24.04.2025 год.** **Бр.V**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 60-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 23.04.2025 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 60-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 23.04.2025 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-528/1 од 24.04.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 60-та седница, одржана на 23.04.2025 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 58-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 14.03.2025 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-507/3 од 23.04.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 60-та седница, одржана на 23.04.2025 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 59-та вонредна седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 20.03.2025 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-507/3 од 23.04.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („ Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од

Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево„ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 70/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 23.04.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на одлуката за ко-финансирање на проектот „Реконструкција на општински пат (врска со Р1306 - с.Врбоец- с.Св.Митрани) делница од административна граница со Општина Кривогаштани до с.Св.Митрани, Општина Крушево – Профил бр.4 “**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на одлуката за ко-финансирање на проектот „Реконструкција на општински пат (врска со Р1306 - с.Врбоец- с.Св.Митрани) делница од административна граница со Општина Кривогаштани до с.Св.Митрани, Општина Крушево – Профил бр.4 “ бр. 08-839/3 од 19.09.2024 година.

**Член 2**

Член 1 се менува и гласи: Со оваа одлука Општина Крушево дава согласност за сопствено учество на Општина Крушево во реализацијата на проектот „Реконструкција на општински пат (врска со Р1306 - с.Врбоец- с.Св.Митрани) делница од административна граница со Општина Кривогаштани до с.Св.Митрани, Општина Крушево – Профил бр.4 “ во износ од 1.444.499,00 денари.

**Член 3**

Член 2 се менува и гласи: Вкупната вредност на проектот изнесува 2.076.025,00 денари, од кои 631.526,00 се средства обезбедени од Министерство за транспорт согласно Договор бр. 03-966/1 од 28.10.2024 година, додека 1.444.499,00 денари ќе биде сопственото учество на Општина Крушево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-507/5 од 23.04.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/2019 и 7/2020) и одредбите од Методологијата за определување на критериуми за доделување на финасиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево бр.08-423/11 од 05.04.2018 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши распределба на финансиски средства за финансирање на проекти на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево за 2025 година.

**Член 2**

Финансиските средства од Буџетот на Општина Крушево се обезбедени во вкупен износ од 405.000,00 денари, а се распределени и доделени се 405.000,00 денари на следниов начин:

1. Здружение Одбојкарски Клуб “СИНАЛКО” од Крушево, 60.000,00 денари, по Годишна Програма;
2. Здружение Фудбалски клуб ФК „ПИТУ ГУЛИ“ Крушево, 60.000,00 денари, по Годишна Програма;
3. Ловно друштво ЕЛЕН П.Д. „Елен“ Крушево, 40.000,00 денари, по Годишна Програма;
4. Здржение Спортски Риболовен Клуб „Мрена-1987“ Крушево, 40.000,00 денари, по Годишна Програма;
5. Пинг понгарски клуб “Крушево”-Крушево – ППК “Крушево”, 50.000,00 денари, по Годишна Програма;
6. Здружение за афирмација на култура, екологија и рурален туризам КУЛТУРЕН МАНИФЕСТ Крушево, 20.000,00 денари;
7. НВО Центар за хумани односи-Крушево, 30.000,00 денари, по Годишна Програма;
8. Здружение за рекреативен Коњички клуб Мусица Крушево, 20.000,00 денари;

9. Платформа за развој на туризмот ФЕЕЛКРУШЕВО од Крушево, 35.000,00 денари, по Годишна Програма.

10. Фудбалски клуб ВЛАЗНИМИ ЈУНИОР с.Пресил Крушево, 50.000,00 денари;

**Член 3**

Општина Крушево на својата веб-страна ќе ги објави резултатите од повикот и целосниот извештај за распределба на средствата со доделената сума и називот на здружението и фондацијата.

Општина Крушево ќе ги информира здруженијата и фондациите за доделените средства за календарската година.

**Член 4**

По донесување на одлуката и нејзиното јавно објавување, Општина Крушево и здруженијата или фондациите кои имаат добиено средства, во рок од 15 (петнаесет) дена од стапувањето во сила на одлуката, склучува договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-507/6 од 23.04.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ'' бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), член 158 став 1 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ" бр.161/19; 229/20; 3/2025 и 74/25) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево'' бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ "Никола Карев" Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ "Никола Карев" Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 180.000,00 (сто осумдесет илјади) денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат отстранување на недостатоците на ниско напонската електрична инсталација утврдени при инспкцискиот надзор од страна на Дирекција за заштита и спасување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-507/7 од 23.04.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ'' бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), член 158 став 1 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РСМ" бр.161/19; 229/20; 3/2025 и 74/25) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево'' бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 23.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин-Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин-Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 40.000,00 (четириест илјади) денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат за подмирување на сметки за потрошена електрична енергија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-507/8 од 23.04.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 20б. став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на Р.М." бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.143/19; 14/20; 302/20; 208/24 и 210/24) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.04.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на изменувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2025 година**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на изменувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2025 година бр.03-504/1 од 14.04.2025 година;

2. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-507/9 од 23.04.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 1 и член 93 од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево" бр.1/07, 16/14, 7/19 и 7/20), расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Крушево за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крушево, бр.09-397/1 од 24.03.2025 година, Советот на Општина Крушево на 60-та седница одржана на ден 23.04.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО, ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

1. Советот на Општина Крушево ја прифаќа Иницијативата на Градоначалникот на Општина Крушево, за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крушево, бр.09-397/1 од 24.03.2025 година.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Крупшево, по донесувањето на овој заклучок да пристапи кон изготвување на Предлог - Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крушево и истата да ја достави на разгледување и одлучување до Советот на Општина Крушево.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-507/10 од 23.04.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024 ), член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на РМ" бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.143/19, 14/20, 302/20 и 208/24) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14;7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.04.2025 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на измената и дополнувањето на Годишниот План за вработување за 2025 година на ЈП „Комуна” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на измената и дополнувањето на Годишниот План за вработување за 2025 година на ЈП „Комуна” Крушево, бр.01-70/1 од 01.04.2025 година

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ЈП „Комуна” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-507/11 од 23.04.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр. стр.**
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 60-та седница на Советот на Општина Крушево …..1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 58-та седница на Советот на Општина Крушево .......... 1
3. Заклучок за усвојување на записникот од 59-та вонредна седница на Советот на Општина Крушево ............................................................ 1
4. Одлука за измена и дополнување на одлуката за ко-финансирање на проектот „Реконструкција на општински пат (врска со Р1306-с.Врбоец-с.Свето Митрани) делница од административна граница со Општина Кривогаштани до с.Свето Митрани, Општина Крушево-профил бр.4“ .......................... 2
5. Одлука за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево ............................................................ 2
6. Одлука за дополнување на блок-дотација на ООУ „Никола Карев“ Крушево ........................... 3
7. Одлука за дополнување на блок-дотација на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин-Крушево .... 3
8. Заклучок за давање на согласност на изменувањето на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2025 година .................. 3
9. Заклучок за прифаќање на иницијативата на Градоначалникот на Општина Крушево, за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крушево ....................................................................... 5
10. Согласност на измената и дополнуавњето на Годишниот План за вработување за 2025 година на ЈП „Комуна“ Крушево .......................................... 5

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.